РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2165/3
04-08-2021

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 50та седница одржана на ден 22.07.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето ------- ---------** – поранешен вршител на должност директор на ЈЗУ Здравствен дом "----- --------" ---------, затоа што за време на вршењето на својата службена должност на ден 28.09.2020 година, потпишала договор за дело со број 04-313/1 за вработување на нејзино блиско лице- син, без притоа да се изземе од постапката и да го пријави личниот интерес, што е спротивно на член 74 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 114 став 3 в.в член 74 став 1 и член 75 став 1, казнив по член 107 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да се поведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог против лицето ------- --------, поранешен вршител на должност директор на ЈЗУ Здравствен дом "----- -------" -----------.

**Образложение**

Предметот со број 09-3508/1 од 08.10.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител со наводи дека -------- --------, во тоа време вршител на должност директор на ЈЗУ Здравствен дом "----- ---------" ----------, на ден 28.09.2020година, потпишала договор за дело со број 04-313/1 за вработување на нејзино блиско лице- син, без притоа да се изземе од постапката и да го пријави личниот интерес, што е спротивно на член 74 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно член 74:

(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

и член 75

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, иако настанала промена на фактичката состојба и лицето ------ -------- повеќе не е службено лице- ВД директор, во времето кога го сторила прекршокот, односно постапила спротивно на член 74 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите ја извршувала горенаведената функција.

Врз основа на се погоре, оваа Одлука се доставува до лицето ----- ------, со која согласно член 107 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се поведува постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н –соработник
Одобрил: В.Г- член на ДКСК